# ООУ ,,ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ,, СКОПЈЕ



***Извештај од спроведената самоевалвација на училиштето***
***февруар – јуни, 2025 година***

Врз основа на член 129 став 4 и 130 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ 161/2019, 229/2020 и 03/2025 година) Училишниот одбор на ООУ “Тихомир Милошевски”, општина Ѓорче Петров на седницата одржана на ден 09.07.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За прифаќање на Извештајот од извршена самоевалуација

за учебните 2023/2024 и 2024/2025 година

1. На седница одржана на ден 09.07.2025 година се разгледа и прифати Извештајот на комисијата од спроведената самоевалуација на училиштето за 2023/2024 и 2024/2025 година.

2. Резултатите од самоевалуацијата да се објават на интернет страницата на училиштето, да се достават до Општина и до Државниот испитен центар во рок од 30 дена од денот на завршување на самоевалуацијата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

УЧИЛИШЕН ОДБОР

09.07.2025,Скопје

Претседател

----------------------------

Соња Петковска

| Самоевалуација  на училиштето | |
|---|---|
| УЧИЛИШТЕ | ОУ „Тихомир Милошевски” |
| Адреса | С.Ново Село, Скопје |
| Контакт податоци (тел, факс,   е-маил) | Тел: 072 206 054<br>факс:02 20 50 582<br>oou-tihomirmiloshevski-novoselo-gjorchepetrov@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | февруар-јуни, 2025 |
| Број на ученици во училиштето | 423 |
| Број на подрачни училишта | / |
| УЧИЛИШЕН ДИРЕКТОР | |
| Име и презиме | Јулијана Максимовска |
| Потпис | |
| Датум | 09.07.2025 |
| ОДОБРУВАЊЕ ОД  УО | (м.п.) |
| Име и презиме | Соња Петковска |
| Потпис | |
| Датум | 09.07.2025 |

Врз основа на член 129 став 2 и став 4 од Законот за основно образование (“Сл.весник на Р.С.Македонија бр.161/19 и 229//20, 03/2025) и донесената Одлука од страна на Училишниот одбор при ООУ „ Тихомир Милошевски “-Скопје бр. 02-36/2 од 22.01.2025 година се формира училишната Комисија која треба да изготви извештај за извршената самоевалуација за учебните 2023/2024 и за 2024/2025 година од која треба на крај да произлезат предлог - мерки за подобрување на работата на училиштето во следните години.

Комисијата е во состав:

Валентина Брњарчевска-педагог

Марија Л. Георгиевска-одделенски наставник

Верче М. Стефанова

Вангелка Грујоска-дефектолог

Ирена Мирчевска-психолог

Катерина Љавтов-родител

Филип Вељановски-ученик

Комисијата:

- ги даде работните задолженија за процесот на самоевалуација на Тимовите за самоевалуација;
- изработи, спроведе и анализира прашалници за ученици, родители и наставници, а резултатите ги испрати до тимовите;
- самоевалуацијата, јаките и слабите страни и препораките од тимовите ги вклопи во еден документ: Самоевалуација на работата на училиштето за учебните: 2023/2024 и за 2024/2025 година;
- изработи извештај за процесот на самоевалуација и истиот го достави до Училишниот одбор, директорот на училиштето и Советот на општина Ѓорче Петров;

Предмет на самоевалуација се седум клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето. На наставничкиот совет при ООУ „Тихомир Милошевски“ –Скопје одржан на ден: 20.01.2025 година се донесе одлука бр.02/22/3 за формирање на тимови за самоевалуација на работата во учебните 2023/2024 и за 2024/2025 година:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.Наставни планови и програми** | 1. **Спасова Вецка (координатор)**<br>2. Цепевска Емилија<br>3. Младеновски Мире<br>4. Моника Илијевска<br>5. -ученик<br>6. -родител | **5. Училишна клима и односи во училиштето** | 1. **Анкица Спасова (координатор)**<br>2. Симона И. Тодоровска<br>3. Вера Костовска<br>4. Валентина Ампова<br>5. -ученик<br>6. -родител |
| **2. Постигања на учениците** | 1. **Александра Луковска (координатор)**<br>2. Грујоска Валентина<br>3. Милица Николиќ<br>4. Јадранка Георгиева<br>5. -ученик<br>6. -родител | **6.Ресурси** | 1. **Тања Крстевска (координатор)**<br>2. Ружа Карагонова Атанасова<br>3. Силвана Савевска<br>4. Дарко Крстановски<br>5. -ученик<br>-родител |
| **3. Настава и учење** | 1. **Даниела Сарафимова(координатор)**<br>2. Менкиноска Гордана<br>3. Јелена Василковска<br>4. Јагода Кузевска<br>5. -ученик<br>6. - родител | **7.Управување и раководење** | 1. **Богоевска Валентина (координатор)**<br>1. Верче М.Стефанова<br>2. Божиновска Анета<br>3. Мирјана Гошевска<br>4. Игор Митковски<br>5. -ученик<br>- родител |
| **4. Поддршка на учениците** | 1. **Тримоска Љубица (координатор)**<br>2. Татјана Контрадјук<br>3. Душица Кировска<br>4. Славица Поповска<br>5. -ученик<br>-родител | **Комисија за спроведување и обработка на резултатите од прашалниците и комплетирање на документацијата за СЕУ** | 1.Мр.Јулијана Максимовска<br>2.Валентина Брњарчевска<br>3.Марија Л. Ѓоргиевска<br>4.Ирена Мирчевска<br>5.Вангелка Грујоска<br>6.Филип Велјановски-ученик<br>7.Катерина Љафтов-родител |

Во секое подрачје групата работеше по индикатори кои го мерат квалитетот на работата на училиштето. Работните групи (тимовите) ги разгледаа индикаторите за квалитет, потребната училишна документација, спроведените прашалници, разговараа дополнително со соодветните лица и добиените податоци потоа ги внесоа во обрасците за самоевалуација согласно нивоата на индикаторите за квалитет. Добиените податоци координаторот на работната група ги испрати до Комисијата за самоевалуација која ги разгледа и изработи Извештај за спроведената самоевалуација во училиштето која ќе биде доставена на разгледување до директорот на училиштето, Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор.

Самоевалуацијата се спроведе во периодот февруари- јуни, 2025 година.

ЦЕЛИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА:

- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување
- Модификација, усовршување, унапредување на практиката.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати
- Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето
- Создавање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата
- Евалуацијата претставува основа за интервенција, акција – акционен план и програма за развој
- Сознанијата до кои се доаѓа со евалуацијата имаат улога на коректор на планирањето и реализацијата на понатамошните активности
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

• Реализацијата на самоевалуацијата секогаш ќе резултира со спојување на индикаторите од сопствената проценка на квалитетот, со потребата за унапредувања на квалитетот на наставата на ниво на училиштето;

• Самоевалуацијата ја поттикнува меѓуколегијалната педагошко-психолошка расправа за важноста во подобрувањето на воспитно-образовниот квалитет во поучувањето;

• Податоците ќе му помогнат на училиштето да изврши самоанализа на сопственото делување, а со тоа ја проценува сопствената предност пред другите или недостатоците за усогласување и градење на тимската работа во наставниот процес;

• Самоевалуацијата ја поттикнува мотивацијата и кај наставниците и кај учениците;

Приоритететите добиени од самоевалуацијата ќе влезат во Годишната програма за работа на училиштето.

| Фази на спроведување на самоевалуација | | |
|---|---|---|
| 1.Подготвителна фаза<br>• Се формираше тим на ниво на училиште од наставници, стручни соработници и член од совет на родители<br>• Формирање на работни групи од за секои од седумте подрачја и дефинирање на :<br>• Подрачјата и индикаторите на квалитет<br>• Подиндикатори<br>• Методи и техники на самоевалуација<br>• Инструменти за прибирање на податоци<br>• Начин на прибирање и обработка на податоците | 2.Фаза на реализација<br>• Анализа на податоци и документација<br>• Усогласување на добиени наоди, анализа и издвојување на приоритети<br>• Подготовка на поединечни извештаи за самоевалвација за секој од 7 те области<br>• Подготовка на заеднички нацрт извештај за спроведена самоевалвација | 3.Фаза на известување и усвојување<br>• Наставнички совет<br>• Совет на родители<br>• Ученици<br>• Директор на училиште<br>• Училишен одбор |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ ,,Тихомир Милошевски“ Скопје     Подрачје 1: Наставни планови и програми**

| Оддели во рамките на подрачјето:<br><br>1.1 . Реализација на наставните планови и програми<br>1.2 . Квалитет на наставните планови и програми<br>1.3 . Вонноставни активности |
|---|

**Подрачје1: Наставни планови и програми** 1.1. Реализација на наставните планови и програми

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Применувани наставни планови и програми | - Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и концепцијата за основно образование. Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигнување на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.<br>- Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование - деветгодишното образование. Училиштето ги нуди и ги реализира само наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.<br>- При реализацијата на наставните предмети нема отстапувања од наставните програми.<br>- Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование – Бирото за развој на образованието им се достапни на сите наставници (на веб страната од БРО и во училишната библиотека), а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.<br>- Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни) и за слободните ученички активности. Истите најдоцна | - Наставни планови и програми донесени од Министерството за образование и наука;<br>- Годишната програма за работа на училиштето ;<br>-Годишни и тематски планирања на наставниците;<br>- педагошката евиденција и документација (следење на педагогот и директорот, извештаи)<br>- интегрирано планирање за екологија<br>- извештаи за реализација на наставата и вон-наставните активности<br>-записници од стручни активи |

| | | |
|---|---|---|
| | до 01 септември ги предаваат кај директорот на училиштето. Сместени се во канцеларијата на директорот.<br>- При изработката на наставните и други програми наставниците од одделенска настава работат тимски и прават заеднички планирања по одделенија и наставни предмети. Наставниците од предметна настава работат тимски само во ретки случаи, доколку различни наставници предаваат ист предмет. Оттука и тешкотиите при меѓупредметната корелација во предметна настава.<br>-Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми како и за реализација на вон-наставните активности. Во Годишната програма се дадени и приоритетни задачи за работа на училиштето кои произлегуваат од долгорочните цели дадени во Развојниот план на училиштето. Годишната програма се разгледува од страна на Наставничкиот совет, Училишниот одбор ја предлага за усвојување на Советот на Општината. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена.<br>- Наставниците кои работат по старата програма вршат интегрирано планирање во своите планирања за настава со содржини од проектот: „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем” и „Меѓуетничка интеграција во образованието“ во делот на интеркултурно образование, а останатите наставници кои работат според новата концепција тоа го имаат во склоп на годишната програма.<br>- Најголемиот број наставници при планирањето посветуваат внимание во истите да бидат застапени специфичните одлики на локалната средина. | |
| Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми | -Училиштето води грижа за информираноста на родителите за наставните содржини и цели од наставниот план.<br>- Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат. | - Педагошка евиденција и документација<br>- записници од Училишниот одбор,<br>Советот на родители и стручните органи на училиштето;<br>- брошури |

| | | |
|---|---|---|
| | – Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на првите родителски средби и состаноци на Советот на родителите.<br>- Учениците се запознаваат со наставните планови и програми на првите часови на почетокот од учебната година и пред почетокот на секоја тема.<br>- Информации за наставните планови и програми можат да се најдат и на веб страната на БРО, за што ги информираме родителите во брошурата за родители на почетокот од учебната година, на родителските состаноци и кај соодветните предметни наставници. | |
| Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби | - Училиштето изготвува ИОП по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор, педагогот и психологот .<br>- Во нашето училиште образованието го остваруваат вкупно 26 ученици со попреченост во развојот и со потешкотии во учењето од кои 16 ученици имаат наод и мислење од соодветна институција, 10 ученици немаат приложено документација, 1 ученик е со хронично заболување и 1 ученик е со емоционални потешкотии. Со овие ученици се работи по принцип на индивидуализација и диференцијација. За 11 ученици (од кои 3 се од предметна настава, а 8 се од одделенска настава) се изработуваат ИОП. По модифицирана програма работат 2 ученици од прво одделение.<br>-Училиштето има политика за создавање услови за добра инклузија на овие ученици во сите сегменти од училишното живеење. Од оваа година во нашето училиште има и сензорна соба и моментално има 3 образовни асистенти кои работат секојдневно со учениците со ПОП. Учениците што работат по модифицирана програма дел од модифицираната програма ја реализираат во ресурсниот центар од ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“.<br>-Се врши интерна обука и им се пружа поддршка и помош на наставниците за работа со овие деца во одделни аспекти на наставата, од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор и Тимот за инклузија кој работи на поддршка на овие деца. Постои и соработка со Заводот за ментално здравје и Стручно тело за | - стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми (материјали од обуки за нови наставни програми, прирачници);<br>- педагошката евиденција и документација<br>- програми за работа со ученици со посебни образовни потреби<br>- Програма за работа на педагогот, дефектологот<br>- дневни планирања од наставници |

| | | |
|---|---|---|
| | функционална проценка и поддршка на деца и млади и Центарот за слух, говор и глас.<br>-Со учениците со специфични потешкотии повеќето од наставниците во своите дневни планирања, планираат и реализираат индивидуализирани и диференцирани активности при што по потреба се консултираат со стручна служба.<br>-Во законот постои обврска при упис на првачиња со попреченост родителите да достават мислење од стручното тело за функционална проценка, но сепак дали ќе го направат истото зависи од свесноста за проблемот и прифаќањето на состојбата од страна на родителите. | |
| Избор на наставни предмети | - Училиштето на учениците им нуди во принцип три изборни предмети, според наставниот план. Постапката за избор на изборни наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците/родителите.<br>- Во мај или јуни се спроведуваат анкети и прашалници за изразување интерес на учениците во согласност со родителите.<br>- Наставните предмети од листата на изборни предмети во наставниот план, учениците ги избираат спрема афинитетите. | **- п**рашалници за изразување интерес и анкети за избор на изборен предмет |
| Планирање активности за реализација на слободните часови во училиштето | - Според новата концепција во рамките на слободните часови училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните активности.<br>- Програмите за слободните ученички активности за учениците кои не работат по новата концепција, ги изработуваат наставниците во договор со учениците, кои преку анкета прават избор. Учениците можат изберат најмногу две СУА и нема дискриминација при изборот.<br>-Училиштето обезбедува вклученост на учениците со ПОП во слободните часови.<br>- Училиштето во Годишната програма за работа ги планира екскурзиите од кои оваа учебна година не се реализираа есенскиот и пролетниот излет поради временските услови.<br>- Работата на Ученичкиот парламент на училиште се планира со програма која е дел од Годишната програма. Во заедницата учествуваат по 2 ученици од секоја паралелка, а работата е | - анкетите за учениците за избор на СУА<br>- програми за работа на СУА<br>- програма за изведување на екскурзии<br>- програма за општествено – корисна работа<br>- програма на заедницата на ученици<br>- програма за грижа за здравјето на учениците<br>- план за учество на натпревари, конкурси и др. манифестации<br>- програма за професионална ориентација на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | координирана од страна на одговорните наставници во соработка со стручната служба.<br>- Со годишната програма за работа се планираат и реализираат активности кои опфаќаат грижа за здравјето на учениците: систематски прегледи и имунизација, превентивни советувања, предавања, работилници, грижа за здрава и исправна исхрана.<br>- Со годишната програма се планира и учество на учениците на натпревари, конкурси, изложби, манифестации и слично. Ова планирање е начелно, а учеството се подготвува и реализира со ученици кои соодветно можат да одговорат на барањата.<br>- Во училиштето се реализира и програма за професионална ориентација на учениците. Истата ја координираат стручните соработници во соработка со другите наставници, стручните училишта во регионот, агенцијата за вработување и др. Оваа програма се реализира во текот на целата учебна година и ги опфаќа само учениците од осмо и деветто одделение. Се реализираат активности за запознавање со средните училишта преку посета од нивни претставници, ориентирање, делумно и професионално насочување на учениците за продолжување на нивното образование. | |
| Реализација на проширени програми | Училиштето реализира проширена програма, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците.<br>- Проширена програма се реализира со учениците од прво до петто одделение, а опфаќа прифаќање на учениците, дружење, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома, средби со родители, игра и друго. | - проширена програма од прво до петто одделение<br>- Годишна програма на училиштето |

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала | Училиштето досега нема прибирано и разгледувано мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност Досега немало иницијативи од наставниците или родителите за ваков вид мислење. | |
| Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала | Училиштето има изработено стратегија за прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина. Дел од наставниците во своите предмети ја користат оваа стратегија при планирањето на наставните содржини. Се реализираат активности преку кои учениците физички би биле во можност да се запознаат со нејзините особености. Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала (посета на верски објекти во блиската околина како дел од наставната програма, посета на фабрики, расадници, зеленчукови и овошни градини, користење на нагледни средства изработени од материјали од непосредната околина и друго). | **-** Стратегија за прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина<br>- Планирања на часови, активности и проекти |
| Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието | Училиштето им дава на наставниците насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање, па често во планирањата може да се сретнат исти цели како следниве: развивање на самодоверба, иницијативност, одговорност, почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија. | - Насоки за планирање на наставата и воннаставните активности<br>- Извештаи за работа |
| Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми | Училиштето преку формалните органи планира и реализира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на нивната оптималност и ефикасност. | - Записници од стручни активи |

**Подрачје1: Наставни планови и програми** 1.3. Воннаставни активности

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој. Подрачјето на воннаставните активности во нашето училиште ги опфаќа: слободните ученички активности, заедницата на учениците, училишниот парламент, грижата за здравјето на учениците, општествено корисна работа, екскурзии, посети, професионалната ориентација и ученичките натпревари.<br>- Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат колку и какви ученички екскурзии ќе се изведуваат, а согласно правилникот за реализација на ученичките екскурзии.<br>-На почетокот на учебната година училиштето до БРО и локалната самоуправа доставува програма за екскурзии и други воннаставни активности на одобрување за реализација. Претходно училишната комисија одговорна за истата ја презентира пред Наставнички совет Советот на родители и Училишен одбор, а по реализацијата даваат извештај за текот на екскурзијата. Одложувањето (неодржувањето) на екскурзиите е со одлука на Наставнички совет. Пред изведувањето на секоја екскурзија се известува Општината, БРО и локалната полициска станица. Сите екскурзии се финансираат од страна на родителите на учениците, бидејќи училиштето нема такви материјални можности. Пред секое изведување на екскурзија родителите се прашуваат и известуваат за истата преку Советот на паралелката, на родителска средба или преку Советот на родители.<br>- Општествено корисната и хуманитарната работа на учениците е насочена кон реализирање на планирани активности со програмата на училиштето, како и учество во активности во соработка со локалната средина. Најчесто се состојат во уредување на просторот во училиштето и училишниот двор, но и учество во други, надворешно организирани активности, хуманитарни акции за помош на наши соученици, обуки за Прва помош и слично. | - анкетите за учениците за избор на СУА<br>- програми за работа на СУА<br>- програма за изведување на екскурзии<br>- програма за општествено – корисна работа<br>- програма на заедницата на ученици<br>- програма за грижа за здравјето на учениците<br>- план за учество на натпревари, конкурси и др. манифестации<br>- програма за професионална ориентација на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | - Ученичката заедница и Ученичкиот парламент како највисока форма на организирање на учениците, активностите ги реализира според однапред изготвена програма за работа и тоа на ниво на паралелка, координирана од одделенските раководители и на ниво на училиште, координирана од одговорен наставник.<br>- Училиштето води грижа за здравјето на учениците, реализира активности од Годишната програма за работа на училиштето. Се води сметка учениците секогаш правовремено да бидат запознаени со актуелни здравствени теми од страна на компетентни лица – лекари. Се следи и организираат систематските прегледи на учениците (4 во текот на школувањето на секое дете), имунизацијата и систематските стоматолошки прегледи.<br>- Професионалната ориентација на учениците се реализира согласно соодветна програма. Главен акцент е ставен на учениците во завршните одделенија и нивното насочување за соодветен избор на средно училиште. | |
| Опфатеност на учениците со воннаставните активности | Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло. Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. | - Програми за работа на воннаставни активности<br>-Списоци на ученици опфатени во воннаставни активности |
| Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор.<br>- Учениците учествуваат во подготвувањето на програмите за работа на вонnаставните активности. | - Програми за работа на вонnаставни активности<br>Списоци на ученици опфатени во вонnаставни активности |
| Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставните активности | Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво. Постојат и се користат средства за афирмирање на вонnаставните активности.<br>- Учениците учествуваат на конкурси, литературни читања, општински, регионални и државни натпревари, меѓународни натпревари, натпревар за Прва помош, Натпревар во Против | - Евиденција за учество на натпревари, конкурси и други манифестации.<br>- Дипломи, признанија, сертификати, благодарници |

| | | |
|---|---|---|
| | пожарна заштита, проекти на локалната самоуправа, пролетно чистење на околината, ЕКО проектот „Училиште без насилство”, Прво априлски маскембал.<br>- Стекнатите знаења постигнати во редовната настава и воннаставните активности учениците ги презентираат на настапите пред нивните соученици и родителите по повод Патрониот празник на училиштето, хепенинзи и други манифестации и ученички натпревари. | |

**Собрани информации**

<table>
<tr><th>Прашалник за наставници</th><th>Резултати</th></tr>
<tr><td>


</td><td>Сите наставници (82,6% целосно, а 17,4% во голема мера) се сложуваат дека планирањата ги прават во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и ги реализираат во пропишаниот обем.</td></tr>
<tr><td>


</td><td>Најголем дел од наставниците (65,2% целосно, а 30,4% во голема мера) се сложуваат дека ги информираат родителите за целите на наставните планови и програми што се реализираат, а остатокот од наставниците се сложуваат во мала мера.</td></tr>
</table>




Сите наставници (60,9% целосно, а 39,1% во голема мера) се сложуваат дека ги почитуваат дидактичко-методичките упатства и инструкции дадени во наставната програма.




Сите наставници (66,7% целосно, а 33,3% во голема мера) се сложуваат дека при планирањето ги земаат во предвид разликите на учениците во напредокот, знаењето и искуството.




Сите наставници (69,6% целосно, а 30,4% во голема мера) се сложуваат дека планираат и подготвуваат задачи со различни нивоа на тежина.

Планирањата по сите предмети ги приспособувам според можностите на децата со посебни образовни потреби.
23 responses




Сите наставници (78,3% целосно, а 21,7% во голема мера) се сложуваат дека планирањата по сите предмети ги приспособуваат според можностите на децата со посебни образовни потреби.

Врз основа на нереализираните планирани задачи, утврдени со анализа на резултатите од работата, вршам корекции на планирањата. (По... и истите ги користам во следните планирања.
23 responses




Најголемиот дел од наставниците (26,1% целосно, а 65,2% во голема мера) се сложуваат дека врз основа на нереализираните планирани задачи, утврдени со анализа на резултатите од работата, вршат корекции на планирањата. (По реализирањето на часовите пишуваат забелешки и истите ги користат во следните планирања), а 8,7% се согласуваат во мала мера.

Секоја година во училиштето се нудат три (3) изборни предмети, според наставниот план, од кои може да избере кои ќе ги учи.
23 responses




Сите наставници (82,6% целосно, а 17,4% во голема мера) се согласуваат дека секоја година во училиштето се нудат три (3) изборни предмети, според наставниот план, од кои може да избере кои ќе се учат.




Најголемиот дел од наставниците (60,9% целосно, а 34,8% во голема мера) се согласуваат дека врз основа на интересите и желбите на учениците секоја година континуирано им се нудат програми од разни области во рамките на слободните активности во училиштето, а остатокот се согласуваат во мала мера.




Сите наставници (60,9% целосно, а 39,1% во голема мера) се согласуваат дека училиштето реализира проширена програма од прво до трето одделение, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците.




Поголемиот дел од наставниците (21,7% целосно, а 60,9% во голема мера) се согласуваат дека во училиштето преку формални органи се планираат активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците, а 17,4% се согласуваат во мала мера.

| | |
|---|---|
| <br> | Голем дел од наставниците (43,5%  целосно, а 43,5% во голема мера) се согласуваат дека изработуваат наставни материјали потребни за часот во соработка со учениците, 13% во мала мера се согласуваат, а остатокот не се согласуваат. |
| <br> | Најголемиот дел од наставниците (47,8% целосно и 47,8% во голема мера) се согласуваат дека во наставата користат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала. (Ги користат сите ситуации учениците да ги запознаат со културата, традициите и обичаите во нашиот крај). Многу мал дел од наставниците се изјасниле дека тоа е точно во мала мера. |
| <br> | Најголемиот дел од наставниците (39,1% целосно, а 56,5% во голема мера) се сложуваат дека во сите наставни програми вградуваат меѓупредметни цели, а остатокот се сложуваат во мала мера. |




39,1% од наставниците во мала мера се сложуваат дека покренуваат иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми до Министерството за образование и наука и до БРО, 30,4% се сложуваат во голема мера, 26,1% не се сложуваат, а остатокот целосно се сложуваат.




Поголемиот дел од наставниците (43,5% целосно и 43,5% во голема мера) се согласуваат дека планираат и реализираат барем по една воннаставна активност што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој, а 13% се согласуваат во мала мера.




47,8% од наставниците целосно се согласуваат дека ги вклучуваат учениците барем во една воннаставна активност за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло и според нивен сопствен избор, 39,1% во голема мера се согласуваат, а 13% се согласуваат во мала мера.

Учениците со моја помош и поддршка работат на проекти.
23 responses




34,8% од наставниците целосно се согласуваат дека учениците со нивна помош и поддршка работат на проекти, 56,5% се согласуваат во голема мера а 8,7% се согласуваат во мала мера.

Во училиштето се промовираат постигнувањата на учениците во сите области, во училишните и вонучилишните активности (Секој...оддадам признание на успехот на учениците).
23 responses




Сите наставници (73,9% целосно,а 26,1% во голема мера) се согласуваат дека училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците.

1.1 Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.
24 responses




Поголем дел од наставниците, 25% целосно, а 66,7% се согласуваат дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата, а остатокот не се согласуваат или немаат информација.

<table>
<tr>
<td>1.2 Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието..<br>24 responses<br><br></td>
<td>Најголемиот дел од наставниците, 54,2% целосно и 41,7% се согласуваат дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку два пати во полугодието, а остатокот немаат информација.</td>
</tr>
<tr>
<td>1.3 Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети<br>23 responses<br><br></td>
<td>Сите наставници, 43,5% целосно, а 56,5% се согласуваат дека добиваат поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирања за нивниот наставен предмет/предмети.</td>
</tr>
<tr>
<td>1.4 Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието<br>23 responses<br><br></td>
<td>Најголемиот дел од наставниците, 43,5% целосно, а 47,8% се согласуваат дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието, а остатокот не се согласуваат или немаат информација.</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 1.5 Во наставата користам различни ресурси за учење и настава<br>23 responses<br> | 52,2% целосно се согласуваат дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава, а 47,8% се согласуваат со истото. |
| 1.7 Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми<br>23 responses<br> | 47,8% од наставниците целосно се согласуваат дека во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, а 52,2% се согласуваат. |
| 1.13 Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план<br>23 responses<br> | 39,1% од наставниците целосно се согласуваат дека реазлизираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, 56,5% се согласуваат со истото, а остатокот немаат информација. |

<table>
<tr>
<td>
</td>
<td>73,9% од наставниците се согласуваат дека планот за воннаставни активности кои ги водат, го изготвуваат заедно со учениците, 17,4% целосно се согласуваат, а 8,7% не се согласуваат.</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<th>Прашалник за ученици</th>
<th>Резултати</th>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>35% од учениците целосно се согласуваат дека материјалот по предметите кои ги учат им е лесен и разбирлив, лесно можат да го научат, 42,3% се согласуваат во голема мера, 19,7% во мала мера се согласуваат, а остатокот не се согласуваат.</td>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>58,6% од испитаниците се изјасниле дека во целост се согласуваат со тврдењето дека наставниците им даваат задачи и задолженија со различни нивоа на тежина.34,3% во голема мера се согласуваат, а 7,1 во мала мера се согласуваат. Нема ученици кои не се согласуваат со ова тврдење.</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 3. Училиштето ми нуди три (3) изборни предмети, од кои може со родителот да избереме кои ќе ги учам<br>70 responses<br> | 52,9% од испитаниците се изјасниле дека во целост се согласуваат дека училиштето им нуди три (3) изборни предмети, од кои може со родителот да изберат кои ќе ги учат.18,6 % во голема мера се согласуваат,15,7% во мала мера се согласуваат, а 12,9% не се согласуваат со ова тврдење. |
| 4. Секоја година имам можност да одберам и учествувам во слободната активност во која јас сакам<br>69 responses<br> | 66,7% од испитаниците во целост се согласуваат со твдењето дека секоја година имаат можност да одберат и учествуваат во слободната активност во која сакаат.17,4% во голема мера се согласуваат,11,4% во мала мера се согласуваат, а остатокот не се согласуваат со ова тврдење. |
| 7. Работиме на проекти, со помош и поддршка на наставникот<br>70 responses<br> | 52,9% од испитаните ученици во целост се согласуваат со твдењетоо дека работат на проекти со помош и поддршка на наставникот.25,7% во голема мера се согласуваат ,12,9% во мала мера се согласуваат,а 8,6% не се согласуваат со ова тврдење. |

| | |
|---|---|
| 8. Учествувам во различни културни, музички, спортски и други активности<br>70 responses<br><br> | 54,3% целосно се согласуваат дека учествуваат во различни културни, музички, спортски и други активности.21,4% во голема мера се согласуваат , 14,3 во мала мера се согласуваат,а 10% не се согласуваат со ова тврдење. |

| | |
|---|---|
| 9. Наставникот ме охрабрува да учествувам на натпревари<br>71 responses<br><br> | 50,7% од испитаниците во целост се согласуваат дека наставникот ги охрабрува да учествуваат на натпревари,а 26,8% во голема мера се согласуваат. 12,7% во мала мера се согласуваат,а 9,9% не се согласуваат со ова тврдење. |

| | |
|---|---|
|  | 52,9% од испитаниците се изјасниле дека во целост се согласуваат дека наставникот им помага адекватно да се подготват за натпреварот,18,6% дека во голема мера се согласуваат,12,9% во мала мера се согласуваат,а 15,7% воопшто не се согласуваат со ова тврдење. |
|  | 65,7% целосно се согласуваат дека имаат можност да учествуваат во натпревари, конкурси, манифестации, фестивали, настани, приредби и слично,а 21,4% во голема мера се согласуваат.8,6% во мала мера се согласуваат ,а остатокот не се согласуваат со ова тврдење. |
|  | 30,2 % од испитаниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека сами ги избрале слободните активности и предмети во кои учествуваат, 41,3% се согласуваат, 19% не се согласуваат , а останатите 9,5% не се согласуваат или не учествуваат во истите. |

| | |
|---|---|
|  | 19% од испитаните учениците во целост се согласуваат со ова тврдење,58,7% се согласуваат,11.1 % не се согласуваат ,7,9% немаат информација,а останатите целосно не се согласуваат. |
|  | 15,9 % од испитаниците целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности,а 63,5% се согласуваат.11,1% не се согласуваат,7,9% немаат информација,а остатокот од испитаниците целосно не се согласуваат со ова тврдење. |
|  | 12,5 % од испитаните ученици целосно се согласуваат дека биле вклучени во активности со ученици од други култури,40,6% се согласуваат,32,8 не се согласуваат,9,4 не знаат ,а остатокот од учениците целосно не се согласуваат со ова тврдење. |

<table>
<tr><th>Прашалник за родители</th><th>Резултати</th></tr>
<tr><td>
</td><td>53,5% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето ги информира за целите од наставните планови и програми што се реализираат, 29,3% во голема мера се согласуваат, 14,1% во мала мера се согласуваат, а 3,1% од родителите не се согласуваат.</td></tr>
<tr><td>
</td><td>44,9% од родителите целосно се согласуваат дека на нивното дете му се нудат (3) изборни предмети, според наставниот план, од кои може да избере кои ќе ги учи. 23,5% се согласуваат во голема мера, 17,3% во мала мера се согласуваат, а 14,3% не се согласуваат.</td></tr>
<tr><td>
</td><td>52% од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете го изучува изборниот предмет кој го избрале, 18,4% од родителите во голема мера се согласуваат, 14,3 % се согласуваат во мала мера, а 15,3% не се согласуваат.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
|  | 52% од испитаните родители целосно се согласуваат дека училиштето ги вклучува децата со посебни образовни потреби во редовната настава и со нив работи по прилагодени програми, 37,8% се согласуваат во голема мера, 8,2% се согласуваат во мала мера, а 2% од родителите не се согласуваат. |
|  | 52,5% од родителите целосно се согласуваат дека наставниците изработуваат наставни материјали потребни за часот во соработка со учениците,33,3% се согласуваат во голема мера, 12,1% во мала мера се согласуваат, а 2,1% од испитаниците  не се согласуваат. |
|  | 39,6% од родителите целосно се согласуваат дека како родители им е понуден начин на кој можат да го искажат своето мислење за наставните планови, програми и помагала за рамноправност, мултикултурна сензитивност, 37,5% се согласуваат во голема мера, 13,5% во мала мера се согласуваат, а 9,4% не се согласуваат. |




62,9% од испитаните родители целосно се согласуваат дека се запознати со воннаставните (слободните) активности кои се организирани од училиштето, 20,6% од родителите во голема мера се согласуваат, 11,3% се согласуваат во мала мера, а 5,2% не се согласуваат.




41,2% од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете секоја година учествува во слободните активности во училиштето (секциите), 33% во голема мера се согласуваат, 22,7% се согласуваат во мала мера, а 3,1% не се согласуваат.




59,2% од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете учествува во натпревари, конкурси, изложби, соработка, екскурзии, акции, манифестации, приредби, фестивали и други воннаставни активности кои ги организира училиштето, 22,4% во голема мера се согласуваат, 15,3% во мала мера се согласуваат, а 3,1% не се согласуваат.

<table>
<tr>
<td>
</td>
<td>54,2% од родителите целосно се согласуваат дека учениците со помош и поддршка од наставникот работат на проекти, 31,3% се согласуваат во голема мера, 11,5% се согласуваат во мала мера, а 3% не се согласуваат.</td>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>44,1% од родителите целосно се согласуваат дека се запознаени со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности, 47,1% се согласуваат, а остатокот не се согласуваат или немаат информација.</td>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>24,5% од испитаниците целосно се согласуваат дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.), 49% се согласуваат, а остатокот не се согласуваат или немаат информација.</td>
</tr>
</table>

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>- Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и истите се реализираат во пропишаниот обем.<br>- Училиштето редовно ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, за целите на наставните планови и програми што се реализираат.<br>- Со сите ученици со ПОП се работи според ИОП.<br>- Училиштето реализира проширена програма<br>- Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во планирањата од наставниците и наставните помагала.<br>- Постојат добри примери на меѓупредметно интегрирање на целите на наставата, посебно во одделенска настава.<br>**-** Учениците учествуваат во различни манифестации и постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. |
| ***Слаби страни:***<br>- Учениците делумно се вклучени во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности<br>-Наставниците делумно се вклучени во проектните активности на учениците .<br>- Наставниците недоволно се вклучени во подготвување на учениците за натпревари. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**<br><br>1. Учениците  да се вклучат во изборот и изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности<br>2. Наставниците повеќе да се ангажираат во изработка на проектните активности заедно со учениците<br>3. Наставникот да ги избира учениците кои ќе учествуваат на натпревар и адекватно да ги подготвува. |

Оддели во рамките на подрачјето:

**2.1. Постигнување на учениците**

- Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик според наставни предмети и квалификациони периоди
- Подобрување на постигнувањата на учениците
- Идентификување и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби
- Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава
- Следење на хоризонтално и вертикално движење
- Подобрување на интеркултурните компетенции на учениците

**2.2. Задржување/осипување на учениците**

- Опфат на учениците
- Редовност во наставата
- Осипување на учениците
- Премин на ученици од едно училиште во друго

**2.3.Повторување на учениците**

-Ученици што не ја завршуваат годината /образованието

**Подрачје 2: Постигнувањата на учениците** 2.1. Постигнувањата на учениците

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик според наставни предмети и според квалификациони периоди | - Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик.<br>- Училиштето ,,Тихомир Милошевски" прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. | - Училишните програми и извештаите; записниците од стручните органи на училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители; извештаите од стручната служба; резултатите од интегрална евалуација;<br>анализите на успехот; анкетите/ интервјуата со наставниците, |

| | | |
|---|---|---|
| | - Стручната служба ги анализира постигнувањата на учениците од различен пол по наставни предмети и според квалификациони периоди во секоја учебна година.<br>- Поединечните постигнувања на учениците се следат од една во друга учебна година, преку изработени прегледи за успех по наставни предмети и по пол, на крај од тромесечие, полугодие и на крај на учебната година. Истите прегледи и податоци ги користат стручната служба, активите и наставничкиот совет, за континуирана поддршка на сите ученици, а посебно на оние кои имаат потешкотии во учењето и на учениците со пречки во развојот за подобрување на постигањата.<br>- Оценувањето на учениците е формативно и сумативно, што подразбира целосно следење и проверување на постигањата на учениците. | родителите и учениците; досиејата на учениците, дневници, евиденциони листи. |
| Подобрување на постигнувањата на учениците | - Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците.<br>- За подобрување на успехот на учениците се користат голем број на интерактивни методи, постапки и техники на поучување и оценување. Во оценувањето на учениците се проверува широка палета од различни видови на знаења и вештини. Ова го овозможува формативното оценување, кое еднакво посветува внимание како на процесот на учење, така и на крајните резултати.<br>- Во текот на учебната година, податоците за постигнувањата на учениците уредно се внесени во електронскиот дневник на паралелката, евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи.<br>- Училиштето прави споредбени анализи на успехот во сите учебни години и се предлагаат мерки за подобрување на состојбите. За постигнувањата на учениците се дискутира на одделенски и наставнички совети, како и на ниво на активи.<br>- Училиштето ги анализира постигнувањата на учениците кои се оценуваат описно и учениците кои се оценуваат бројчано (според пол), а деталната анализа е дел од училишната документација. | - Училишните програми и извештаите; самоевалуацијата; записниците од стручните органи на училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители; извештаите од стручната служба; споредбените прегледи на резултатите од оценувањето (државни, регионални, училишни натпревари); анализите на успехот; анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | Напредокот во постигнувањата на учениците го следат одделенските раководители и стручната служба, тие навремено ги известуваат родителите и ги повикуваат на консултации и советувања. Исто така, со учениците со потешкотии во напредокот се реализираат советувања, консултации и се организира дополнителна настава. | |
| Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби | - Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>- Идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и учениците со посебни образовни потреби, се врши преку набљудување и оценување од страна на предметните наставници, потоа преку разговори со одделенските раководители, стручната служба и родителите, како и разговори за оваа група ученици на состаноците на Тимот за инклузија, одделенски и наставнички совети и на стручните активи.<br>- Стручната служба и наставниците, континуирано обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби. Инклузивниот училишен тим се консултира, креира и помага да се реализираат повеќе активности соодветни на нивните можности и потреби. Училиштето во текот на целата учебна година, реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области. Наставниците и стручната служба детектираат и посочуваат, учениците да се вклучат во определени активности, според нивните интереси и можности.<br>- Училиштето превзема активности за поттикнување на наставниот кадар и учениците за учество на натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво и постигнување на високи резултати. Надарените ученици се идентификуваат од страна на наставниците. Потоа тие се вклучуваат во слободните ученички активности и на додатна настава. | - Програма за дополнителна и додатна настава; прилагодено наставно планирање за учениците со тешкотии во учењето; записници од средби на Тимот за инклузија; записниците од стручните органи на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | - Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава.<br>- Податоците за постигнувањата на учениците континуирано се следат и анализираат. Од статистичката обработка на податоците се изготвуваат анализи и писмени извештаи со препораки за подобрување на постигнувањата и помош на учениците кои послабо напредуваат. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната содржина се реализираат часови за дополнителна настава. За учениците кои покажуваат поголеми способности и напредок во воспитно-образовниот процес се реализираат часови за додатна настава, според интересите, способностите и можностите. Напредокот во постигнувањата на учениците го следат одделенските раководители и стручната служба, тие навремено ги известуваат родителите и ги повикуваат на консултации и советувања.<br>- Дополнителната настава значително го подобрува успехот на учениците. Дополнителна и додатна настава во училиштето се планира и се реализира. Посебно треба да се нагласат добрите постигнувања на учениците од ова училиште на натпревари, како резултат на залагањата на наставниците и работењето на учениците. Учениците учествуваат и освојуваат награди на голем број општински, регионални и државни натпревари, по повеќе наставни предмети, но се уште е потребно нивно поголемо мотивирање за ангажирање во воннаставните активности. Ова се должи и на подобрените просторни услови и едносменската работа на училиштето. | - анкети за родители и ученици; евиденција на редовната и дополнителната и додатната настава; планирање на редовната, дополнителната и додатната настава; план за подготовка на ученици за натпревари. |
| Следење на хоризонтално и вертикално движење | - Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. Училиштето за средно образование им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста | - известување за прием на ученици во средните училишта; записници од стручните органи во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.<br>- Постои уредно следење на постигнувањата на учениците од еден во друг циклус и се превземаат активности за надминување на разликите што се јавуваат при таквите ситуации.<br>- Во училиштето постои уредна евиденција за преминот на учениците од едно во друго ниво на образование, но не се врши следење на нивните постигнувања во повисокото ниво на образование од причина што не добиваме повратна информација од средните училишта. | |
| Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците | - Училиштето организира заеднички вонннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.<br>- Училиштето организира заеднички вонннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. Училиште партнер е ООУ„ Герг Кастриот Скендербеу“ од Арачиново. | |

**Подрачје 2: Постигнувања на учениците** **2.2. Задржување/осипување на ученици**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Опфат на учениците | - Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (формирана училишна комисија, покани до родители, посети на семејства, посета на градинки, проверка на потврда за примени вакцини, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната заедница, граѓански организации). Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции. Училиштето има воспоставен систем за прибирање податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование. Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес.<br>- Постои реонизација на ученици, во рамки на општината Ѓорче Петров. Формирана е училишна комисија за упис на првачиња и опфаќање на сите деца од својот реон. Изработени се плакати за упис, флаери за | -Записници на директор; записници на стручна служба; документација за упис на првачиња. |

| | | |
|---|---|---|
| | родителите, редовно се ажурира веб страната на училиштето, како и промовирање на новините на социјалните медиуми.<br>Уписот се реализира со комисија за упис во текот на месец мај, а се прифаќаат и ученици кои во подоцнежниот период се доселуваат во реонот на нашите училишта. | |
| Редовност во наставата | - Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уред на документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е помал од пет по ученик, а во најголемиот број паралелки просечниот број на изостаноци по ученик по меѓу два извештајни периоди е до два неоправдани изостаноци.<br>- Редовноста на учениците е под постојан надзор на наставниот и стручниот кадар во училиштето. За секое отсуство од наставата се превземаат конкретни активности.<br>- Отсуство од настава поради здравствени причини се докажува со медицинска документација од страна на родител, а при подолго отсуство на ученикот во домашни услови се организира настава за ученикот (преку печатени материјали, онлајн настава).<br>- Психологот реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.<br>- Најмногубројно изостанување се забележува во завршните одделенија. Во врска со ова, одделенските раководители во соработка со стручната служба на училиштето редовно имаат советодавни средби со родителите со цел нивно информирање, изрекување на педагошки мерки на учениците и преземање на соодветни чекори за подобрување на редовноста. За ова училиштето има пишана процедура, а кај стручната служба постои уредна евиденција и документација, во пишана и во електронска форма. Во училиштето има интерен Правилник за изрекување на педагошки мерки. Исто така, во | - Дневници; записници од родителски средби; записници од Советување на родители; правилник за изрекување на педагошки мерки на учениците; записници на стручна служба; распоред на дежурства; записници од Совет на родители; распоред на дежурни наставници. |

| | | |
|---|---|---|
| | училиштето има дежурство на наставниците за време на одморите, што придонесува за редовноста на часовите. | |
| Осипување на учениците | - Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето.<br>- Во училиштето се следи осипувањето на учениците од страна на стручната служба и според нивна анализа најчеста причина за осипувањето е преселување на друго место за живеење. Во учебната 2022/2023 година имало 9 новозапишани и 9 отпишани ученици, во учебната 2023/2024 година имало 11 новозапишани и 8 отпишани ученици, а во учебната 2024/2025 година до месец јуни – 10 новозапишани и 7 отпишани ученици. | Записници на стручната служба |
| Премин на учениците од едно во друго училиште | - Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго со издавање согласности за прием, преведници и повратници. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. | Педагошка евиденција и документација |

**Подрачје 2: Постигнувања на учениците** **2.3 Повторување на учениците**

| | | |
|---|---|---|
| Ученици што не ја завршуваат годината/образованието | Во училиштето нема ученици кои ја повторувале годината. | Педагошка евиденција и документација |

**Собрани информации**

| Прашалник наставници | Резултати |
|---|---|
| Во училиштето се промовираат постигнувањата на учениците во сите области, во училишните и вонучилишните активности (Секој...оддадам признание на успехот на учениците).<br>23 responses<br> | 74% од наставниците сметаат дека целосно и 26% во голема мера се промовираат постигнувањата на учениците во сите области, во училишните и вонучилишните активности и тоа на неколку начини: преку социјалните мрежи и телевизија, на веб страната на училиштето, во холот на училиштето. |
| Нашето училиште располага со податоци за постигањата на учениците по пол, по сите наставни предмети на полугодие и крај на година.<br>23 responses<br> | 78% од анкетираните наставници сметаат дека училиштето редовно ги следи постигнувањата на учениците и врз основа на тоа се вршат планирање на идните активности во интерес на подобрување на успехот и напредокот, а 22% се согласуваат во голема мера. |
| Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците<br>23 responses<br> | 70% од наставниците сметаат дека целосно точно се дискутира за напредокот и постигнувањата на учениците на часовите по сите предмети, а посебно на одделенските часови, во голема мера се изјасниле 22%, а останатите 8% в мала мера. Стручната служба од своја страна спроведува низа активности за подобрување на постигањата на учениците преку различни работилници, советувања и сл. |

| | |
|---|---|
|   | 74% од наставниците сметаат дека секој наставник води евиденција за индивидуалниот напредок на учениците, 26% сметаат дека во голема мера се идентификуваат ученици кои имаат тешкотии во учењето и надарените ученици. На наставничките и одделенските совети се дискутира за секое од овие деца индивидуално и се превземаат активности за нивна поддршка и следење на нивниот напредок. |
|   | 82% од наставниците сметаат дека целосно им обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на надарените ученици, а останатите 18% во голема мера им обезбедуваат поддршка. |
|   | 68% од наставниците при реализација на наставата секогаш бираат активности соодветни на можностите и потребите на сите ученици, а 32% сметаат дека во голема мера тоа е исполнето. |

<table>
<tr>
<td>2.3 Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети<br>24 responses<br>
</td>
<td>54% целосно ја користат можноста да разговараат за постигнувањата на учениците по одделни предмети, 38% се согласуваат, а 8% не се согласуваат.</td>
</tr>
<tr>
<td>2.4 На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето<br>22 responses<br>
</td>
<td>64% од наставниците се изјасниле дека целосно даваат јасни насоки за да му се помогне на ученикот во учењето, а 36% се согласуваат.</td>
</tr>
<tr>
<td>Успешните и помалку успешните ученици добиваат различни задачи.<br>23 responses<br>
</td>
<td>Според дадениот график, 52% од наставниците во голема мера водат сметка за нивото на сложеност на задачите кои ги добиваат учениците, 39% целосно се согласуваат, а останатите 9% во мала мера даваат различни задачи.</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td>Училиштето во текот на целата учебна година реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето.<br>23 responses<br>
</td>
<td>65% од наставниците редовно држат дополнителната настава по однапред утврден распоред, а останатите 35% го менуваат според условите.</td>
</tr>
<tr>
<td>Реализирам додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.<br>23 responses<br>
</td>
<td>57% од наставниците реализираат додатната настава по однапред утврден распоред, а останатите 43% во голема мера го почитуваат распоредот.</td>
</tr>
<tr>
<td>Со талентираните ученици се работи преку други облици на работа вон редовната настава (додатна настава, секција, истражувачка работа...)<br>23 responses<br>
</td>
<td>48% од наставниците целосно сметаат дека за учениците кои покажуваат одредени таленти и имаат желба да се надоградат од одредено подрачје, се организира и во целост се одржува додатна настава, секции и учество во разни проекти. Со надарените ученици посебно се работи и при подготовка за натпревари на сите нивоа. 48% се согласуваат во голема мера, а останатите 4% во мала мера.</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло).<br>23 responses<br><br> | 78% од наставниците сметаат дека во училиштето редовноста се следи континуирано, се работи со учениците кои се нередовни оправдано или неоправдано со соодветни активности (советувања, организирање класни испити и сл.). 17% сметаат дека во голема мера ова е исполнето, а останатите 5% во мала мера. |
| Училиштето ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.<br>23 responses<br><br> | 74% од наставниците сметаат дека одделенските наставници и педагошката служба постојано водат евиденција за оправданите и неоправданите отсуства на учениците, како и дека постојано и навремено се известени родителите, а со тоа и обезбедуваат соодветни мерки. Останатите 26% сметаат дека ова е исполнето во голема мера. |
| Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.<br>23 responses<br><br> | 78% од наставниците сметаат дека училиштето целосно соработува со родителите. Родителите се повикуваат на индивидуални разговори и групни советувања, се дискутира за стратегиите за надминување на проблемот со нередовноста на учениците. Останатите 22% сметаат дека ова е исполнето во голема мера. |

<table>
<tr>
<td>До завршување на основно образование нема осипување.<br>23 responses<br><br></td>
<td>52% од наставниците сметаат дека во нашето училиште нема ученици кои го прекинуваат основното образование. 35% сметаат дека во голема мера нема осипување, 13% сметаат во мала мера има осипување.</td>
</tr>
<tr>
<td>Нашето училиште при преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием н... понатамошната образовна работа со ученикот.<br>23 responses<br><br></td>
<td>70% од наставниците сметаат дека нашето училиште постојано постапува според законите за премин на учениците од едно во друго училиште, а исто така ги информира учениците за понатамошната образовна работа на учениците. Се почитуваат законите за премин од едно во друго училиште со издавање преведници и согласности. Во голема мера, односно 30% од наставниците се согласуваат со ова.</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td>Прашалник за родители</td>
<td>Резултати</td>
</tr>
<tr>
<td>Училиштето во текот на целата учебна година реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето<br>98 responses<br><br></td>
<td>Со цел подобро да им се разложи материјалот и одреденото градиво на учениците, за сите ученици кои ќе покажат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал во целосност се реализира дополнителна настава. 51% од анкетираните родители одговориле дека целосно се реализира дополнителната настава, 25% одговориле дека во голема мера се реализира,18% одговориле дека се реализира во мала мера, а останатите 6% одговориле дека не се реализира.</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td>


</td>
<td>За сите ученици кои го совладуваат наставниот материјал и покажуваат значителни резултати во одредени области, училиштето организира додатна настава во текот на целата учебна година. 41% од анкетираните родители одговориле дека целосно се реализира додатната настава, 28% одговориле дека се реализира во голема мера, 23% дека се реализира во мала мера и 8% дека не се реализира.</td>
</tr>
<tr>
<td>


</td>
<td>37% од родителите сметаат дека за учениците кои покажуваат одредени таленти и имаат желба да се надоградат од одредено подрачје се организира и во целост се одржува додатна настава, секции и учество во разни проекти. Со надарените ученици посебно се работи и при подготовка за натпревари на сите нивоа. 31% сметаат дека во голема мера се работи преку други облици, 22% одговориле дека се работи во мала мера, а 10% одговориле дека не се работи преку други облици вон редовната настава.</td>
</tr>
<tr>
<td>


</td>
<td>Со цел за подобра информираност на родителите, освен редовните и задолжителни родителски средби се организираат и индивидуални средби каде родителите се запознаваат со редовноста на своите деца. 59% од родителите одговориле дека училиштето соработува со родителите, 27% сметаат дека во голема мера, 11% во мала мера училиштето соработува со родителите, а останатите 3% не се согласуваат.</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 2.1 Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете<br>99 responses<br><br> | 33% од родителите целосно се согласуваат дека добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивното дете, 54% се согласуваат, а останатите 13% не се согласуваат или немаат информација. |
| 2.2 Од училиштето добивам добри  совети за подобрување на однесувањето на моето дете<br>99 responses<br><br> | 37% од родителите се изјасниле дека добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете, 52% се согласуваат, а останатите 11% не се согласуваат или немаат информација. |

| Прашалник за ученици | Резултати |
|---|---|
| 13. Наставниците редовно не информираат за нашите постигања (оценки)<br>70 responses<br><br> | Со  редовното ставање на оценките во е-дневникот, како и редовно одржуваните родителски средби и индивидуалните разговори  постојано се информирани за постигнувањата (оценките) на нивните  деца. 59% сметаат дека целосно се информирани за постигнувањата, 36% сметаат дека во голема мера се информирани, а останатите 5% одговориле дека се информирани во мала мера или не се информирани за постигнувањата. |

| | |
|---|---|
|  | 35% од учениците целосно се согласуваат дека нивните родители се постојано известувани за нивниот напредок, 49% се согласуваат, 10% не се согласуваат, а останатите 6% не се согласуваат или немаат информација. |
|  | 30% од учениците целосно се согласуваат дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех, 48% се согласуваат, 17% не се согласуваат, а останатите 5% не се согласуваат или немаат информација. |
|  | Презентирањето на наставниот материјал и користењето на разни методи, форми од страна на наставникот ми е интересен и ми овозможува да работам по сопствено темпо и според моите индивидуални можности. 39% од учениците одговориле дека начинот на кој се учи во училиштето им е интересен, 39% во голема мера, 16% одговориле во мала мера, а на останатите 7% дека не им е интересен начинот на совладување на новите знаења. |

15. Успешните и помалку успешните ученици добиваат различни задачи

69 responses




Во текот на наставата кај учениците се даваат различни задачи според индивидуалните можности на учениците. 27,5% од анкетираните ученици одговориле дека добиваат различни задачи, околу 27,5% одговориле дека во голема мера добиваат различни задачи, околу 9% во мала мера, а 36% сметаат дека не добиваат различни задачи.

16. Наставниците не организираат така што успешните да им помогнат на помалку успешните ученици

69 responses




Постојано се следат постигнувањата на учениците и учениците кои се поуспешни во совладување на наставниот материјал се поттикнуваат да им помагаат на оние ученици кои ќе наидат на потешкоиии во совладувањето на наставниот материјал. Околу 32% од учениците целосно точен го сметаат дадениот исказ, околу 35% во голема мера се согласуваат, околу 14% во мала мера и останатите 19% не се согласуваат со исказот.

17. Училиштето во текот на целата учебна година реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето

69 responses




Со цел подобро да им се разложи материјалот и одреденото градиво на учениците, за сите ученици кои ќе покажат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал во целост се реализира дополнителна настава. Вака одговориле околу 45%, околу 33% одговориле во голема мера, 13% во мала мера и останатите 9% одговориле дека не се реализира дополнителна настава.




За учениците кои покажуваат одредени таленти и имаат желба да се надоградат од одредено подрачје се организира и во целост се одржува додатна настава, секции и учество во разни проекти. Со надарените ученици посебно се работи и при подготовка за натпревари на сите нивоа. Целосно се согласуваат околу 45%, 25% одговориле дека се согласуваат во голема мера, 23% во мала мера, а останатите 7% не се согласуваат дека се реализира додатна настава.




Околу 41% од учениците сметаат дека во целост е точен исказот, околу 26% сметаат дека во голема мера се организираат други облици на работа, 17% во мала мера, а не се согласуваат 16% со исказот.




Учениците отсуствуват од наставата само кога се болни, инаку редовно доаѓаат на наставата. Со ова целосно се согласуваат околу 90%, а останатите 10% се согласуваат или во голема мера или во мала мера.




Над 10% од анкетираните ученици одговориле дека се случува да задоцнат на часовите, околу 15% се согласуваат во голема мера се согласуваат, околу 15% се согласуваат во мала мера, а над 60% не се согласуваат дека доцнат на часовите.




Над 88% од анкетираните ученици одговориле дека одделенскиот наставник ја следи редовноста на учениците, 10% се согласуваат во голема мера, а останатите 2% се согласуваат во мала мера.




Приближно 88% од учениците целосно сметаат дека одделенскиот наставник се интересира за причините за нивното отсуство од наставата, околу 10% во голема мера се согласуваат, а останатите 2% не се согласуваат со исказот.




50% од учениците целосно се согласуваат со исказот, околу 23% се согласуваат во голема мера, помалку од 16% во мала мера и над 11% не се согласуваат.

| **Резултати:** |
| --- |
| ***Јаки страни:***<br><br>- Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и превзема активности за нивно подобрување;<br>- Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок;<br>- Постојана ангажираност на кадарот за подобрување на постигнувањата на ученици, редовно одржување на дополнителна и додатна настава, како и работа со талентирани ученици преку проекти, секции и истражувачка работа.<br>- Постигнувањата на учениците во рамките на училиштето се следат и соодветно се вреднуваат. При појава на негативен тренд во рамките на постигањата се превземаат активности истиот да биде спречен.<br>- Родителите се редовно информирани за постигнувањата и редовноста на учениците и добиваат добри совети за подобрување на успехот и однесувањето.<br>- Постои квалитетна соработка меѓу училиштето, одделенските раководители и родителите<br>- Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот. Постои процедура за упис на првачиња на ниво на општина Ѓорче Петров<br>- Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.<br>- Сите ученици го завршуваат одделението/годината<br>. |
| ***Слаби страни:***<br>• Недоволно организиран систем за идентификување и преземање мерки за работа со надарените ученици.<br>• Успешните и помалку успешните ученици не добиваат или добиваат во мала мера различни задачи;<br>• Училиштето организира мал број заеднички активности  со ученици од мешан етнички состав и недоволен број на активности со партнерското училиште. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на работата:**<br>1. Спроведување  систем за рано идентификување и обезбедување соодветни услови за работа со надарените ученици.<br>2. Планирање интеркултурни активности во рамките на училиштето и со партнерското училиште. |

| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>3.1. Планирања на наставниците<br>3.2. Наставен процес<br>3.3. Искуства на учениците од учењето<br>3.4. Задоволување на потребите на учениците<br>3.5. Оценувањето како дел од наставата<br>3.6. Известување за напредокот на учениците |
|---|

**Подрачје 3: Учење и настава** **3.1. Планирања на наставниците**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| • **<u>Поддршка и следење на планирањата на наставниците</u>**<br><br>• **<u>Индивидуални планирања на наставниците</u>** | -Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Педагогот пред секој циклус на планирање им дава насоки на наставниците за сите видови планирања и начинот на кој треба да се изврши истото. По предавањето кај директорот планирањата се проверуваат од страна на директорот и стручната служба и се укажува на евентуалните недостатоци или пропусти.<br>-Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и Модифицирана програма и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции.<br>-Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба.<br><br>-Сите наставници имаат изготвени годишни и тематски процесни планирања во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО за учебната 2023/24г и 2024/25г., како и дневни подготовки/сценарија кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Покрај другото ги вклучуваат стандардите- целите на наставата по теми, очекуваните исходи, временска рамка, планирани писмени работи, планирање на часови за нови содржини и повторување, | - Годишни и тематски планирања и дневни подготовки ( навремена проверка на годишните и тематски процесни планирања и нивна реализација )<br>-ИОП<br>-Модифицирана програма<br>- Пропишана интерна процедура за следење на планирањата на наставниците<br>- Евидентни листови / инструменти за следење на планирањето на наставниците<br>- Разговор со директор, стручна служба и наставници |

| | | |
|---|---|---|
| • **<u>Размена на искуства и информации при планирањето</u>** | оценување, форми, методи и техники на работа, наставни средства и помагала. Но исто така вклучуваат и наставни содржини од областа на екологијата, меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, планирана меѓупредметна интеграција и примена на ИКТ во наставата како и диференцирани и индивидуализирани цели.<br>Планирањата на наставниците содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат, како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Активностите вклучувајќи ги и домашните задачи, се така планирани за ефективно да се искористи времето и на наставниците и на учениците. Исто така се внесуваат диференцирани активности со децата со посебни потреби и оние кои имаат потешкотии во усвојувањето на наставната содржина,.<br>-Наставниците исто така изработуваат на месечна основа распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и училиштето го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.<br>-Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно се организира и на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот.<br>-За учениците со посебни потреби кои се интегрирани во редовната настава, наставниците изработуваат посебна – индивидуализирана програма или модифицирана програма за работа со нив.<br><br>- Наставниците континуирано соработуваат и непречено си помагаат. Планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, соработка со други училишта, консултирање со експерти-советници од БРО, користење меѓународно искуство и друго. | - Записници од состаноците на професионалните заедници - активи<br>- Инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час<br>- Извештај на училиштето<br>-Записници од посетени часови од советници од БРО<br>-Распоред на часови по одделенија, предмети и училници<br>-Закон за основно образование |

| | | |
|---|---|---|
| • **<u>Распоред на часови</u>** | -Распоредот на часови го прави назначен наставник во соработка со директорот, стручната служба и наставниците, почитувајќи го најдобриот интерес на детето, но и според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава и се реализира според предвидената динамика. | |

**Подрачје 3: Учење и настава** **3.2. Наставен процес**

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| • <u>Наставни форми и методи</u><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>• <u>Употреба на ИКТ во наставата</u> | -Наставниците користат одбрани разновидни наставни форми, методи, средства и техники кои одговараат на индивидуалните стилови на учење на учениците како и на нивните способности и вештини. Се вклучуваат наставни форми, методи и ИТ алатки Се негуваат и начини и вештини за индивидуален пристап кон некои ученици кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини како и посебен индивидуален пристап кон учениците со посебни потреби(надарени ученици). Се работи со учениците во парови, мали групи или цела паралелка. Исто така некои од наставниците изработуваат и индивидуализирани тестови на знаење за секој ученик одделно според неговите способности и знаења.<br>Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка.<br>Наставниците ги развиваат клучните компетенции за доживотно учење.<br><br>Користат и ИКТ во наставата како еден најнов пристап кон усвојувањето на наставните содржини и остварувањето на целите на наставата. За таа цел наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и нив ги применуваат во наставата, но континуирано следат вебинари /семинари и обуки со цел да се следат новитетите од оваа област за поефикасна настава. | - Различни користени форми и методи во наставата кои се наведени и во тематските планирања и во дневните подготовки<br>- Изработени разни наставни средства и од страна на учениците и од страна на наставниците-презентации<br>- Постери и плакати како доказ за истражувањата на учениците и користењето на надворешни реусрси и извори на податоци и задачи<br>- ИКТ во наставата, изработки селектирани во папки по секој наставен предмет одделно<br>- Индивидуализирани тестови на знаење<br>- Евидентни листи за следење на наставата<br>- Ученички изработки и изработки во соработка со родителите изложени преку хепенинзи и работилници<br>- Анкети/Интервјуа |

| | | |
|---|---|---|
| • <u>Избор на задачи, активности и ресурси</u><br><br>• <u>Приодот на наставникот кон учениците</u> | Сепак од увидите на часови утврдено е дека се потребни постојано нови обуки за осовременување на наставата<br>-Задачите што се работат на училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели/стандарди на наставата. Наставниците користат разни ресурси и приоди во наставата, не се потпираат само на учебниците и дополнителната литература. Ги насочуваат учениците да истражуваат, да работат со сопствено темпо, да соработуваат и да користат и тие разни пристапи и ресурси во текот на учењето за да го збогатат своето знаење и спремност за користење на наученото во секојдневната практика. На учениците кои од различни причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со приспособени програми и активности.<br><br>-Во нашето училиште постои одлично ниво на соработка со учениците кое пред се се темели на взаемна доверба дека заеднички и активно го градиме процесот на учење и дека и наставниците, но и учениците се активни субјекти во овој долг процес. Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза од учењето. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби кога тоа е соодветно).Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. Сето ова се темели на соработка, разговор, мотивација, а не на доминација од страна на наставниците. | - Годишни, тематски и дневни планирања<br>- Програма за работа на директорот и стрчната служба<br>- Инструменти за следење и вреднување на наставникот и наставата во целост<br>- Извештај на училиштето<br>-Програма за надарени ученици |

| | | |
|---|---|---|
| • <u>Интеракција меѓу наставниците и учениците</u><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>• <u>Следење на наставниот процес</u> | - Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, толеранција, доверба и разбирање. При тоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло и етничка и религиска припадност. Наставниците не користат, полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи и предрасуди да ги користат учениците.<br>- Постои една непречена комуникација и соработка на секое поле за да децата бидат релаксирани и тогаш кога имаат некаков друг проблем надвор од училиштето го споделат со своите наставници и стручната служба.<br><br>-Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. Истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час два пати во текот на едно полугодие од страна на директорот и стручната служба преку евидентни листи за следење на наставата кои подоцна се користат за унапредување и подобрување на наставниот процес. Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив, а со цел подобрување на наставниот процес. | |

**Подрачје 3: Учење и настава** 3.3. Искуства на учениците од учењето

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| • <u>Средина за учење</u> | -Имајќи ги предвид социоекономската средина и финансиско- материјалната состојба на училиштето, средината за учење во училиштето е на високо ниво. Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.<br>-Заедничкиот училишен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини го отсликуваат мултикултурниот карактер на нашата земја.<br>-Трудовите од учениците кои исто така се дел од изгледот на една добра средина за работа се изложуваат во училниците и | - Ѕидни весници и постери од ученички изработки, домашни задачи, проектни активности<br>- Одделенски дневници (наставни содржини со примена на ИКТ и изработка на проекти), но и компјутерите каде се гледа<br>примената на планираните наставни содржини по папки за секој наставен предмет. |

| | | |
|---|---|---|
| | кабинетите согласно естетските норми, но исто така и во училишната зграда за што има доволно простор и секој ученик добива можност да има изложен труд. Истите се менуват согласно темите и целите на наставата и учењето.<br>Ученикот има пристап до различни материјали за учење. | - Тестови на знаење<br>- Дипломи и признанија за освоени места на натпревари (општински,регионални и државни)<br>- Прашалник за ученици<br>- Ѕидни постери кои лобираат за хигиената во дворот и училишната зграда преку интегрирани еко-содржини во наставните планирања.<br>- одделенски дневници<br>- записници од родителски средби (групни и индивидуални)<br>- следени часови кои исто така се евидентирани во оделенските дневници од страна на директорот, педагогот како и инспекторите од ДПИ и советниците од БРО<br>- Анкетни прашалници за родителите и учениците<br>- Разговор со ученичката заедници и со родителите<br>- Увид во ученички досиеја<br>- Увид во евиденцијата на стручната служба<br>- Програма за работа и извештаи на ученичката заедница<br>- одделенски дневник<br>- записници од стручната служба<br>- записниците на заедницата на ученици |
| • Атмосфера за учење | -Во училиштето постои добра интеракција меѓу учениците, учениците и наставниците, учениците и стручната служба и се разбира директорот со вработените и учениците која што интеракција создава една пријатна атмосфера за работа и соработка помеѓу сите овие вклучени субјекти во наставниот процес.<br>-Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините кои им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од наставниците не ги искажуваат слабите страни на ученици пред други ученици или возрасни.<br>-Наставниците на родителските средби не ги искажуваат слабите страни на секој ученик поединечно, но за таа цел се свикуваат и индивидуални средби со родителите.Еднаш месечно се организира Отворен ден на кој сите наставници се присутни и достапни за средба со родителите. | |
| • Поттикнување на учениците за преземање одговорност | -Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и нивното мислење сериозно се зема во предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето.<br>Учениците иницираат и спроведуваат активности со низа одговорности во училиштето и во локалната средина. Во одделенската заедница и Заедницата на ученици, учениците имаат можност да го кажат своето мислење за некои проблеми во училиштето и истите да се земат во предвид. | |

| | | |
|---|---|---|
| • Интеракција на учениците меѓу себе | -Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Негува мултикултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците имаат позитивни ставови и културно се однесуваат кон своите врсници и вработените во училиштето.<br>Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето. | - записници од учениците за испонување на домашните задачи<br>- Од записници на Заедницата на ученици во соработка со стручната служба<br>- Извештај на училиштето<br>- од следените часови<br>- од записниците на родителските средби<br><br>- записниците на Заедницата на ученици<br>- прашалник за ученици |

**Подрачје 3: Учење и настава 3.4. Задоволување на потребите на учениците**

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
<td>Од 23 наставници, исказот Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес 60.9 %  целосно се согласуваат, 39.1 % се согласуваат..</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
|  | Учениците на исказот Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, 21 % целосно се согласуваат, 50 % се согласуваат, 11.3 % не се согласуваат , 14.5 % не знам/ немам информација, 3.2% целосно не се согласуваат.. |
| <br>, | На исказот Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех од 64 ученици целосно се согласуваат 29,7 %, се согласуваат 48,4 %, не се согласуваат 17,2 % и 4,7 % не се информирани / целосно не се согласуваат. |
|  | На исказот Наставниците ме подржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари од 64 ученици целосно се согласуваат 23,4 %, се согласуваат 48,9 %, не се согласуваат 20,3 % и 7,4 % не се информирани / целосно не се согласуваат. |

| | |
|---|---|
|  | На исказот Наставниците ме пофалуваат за моите резултати од 64 ученици целосно се согласуваат 26,6 %, се согласуваат 54,7 %, не се согласуваат 9,4 % и 9,3 % не се информирани / целосно не се согласуваат. |
|  | На исказот На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права во училиштето од 23 наставници, 17,4 % целосно се согласуваат, се согласуваат 69,6 % , не се согласуваат 8,7 % и 4,3 % не се информирани . |
|  | Родителите на исказот, Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето 17,7 % целосно се согласуваат, 38,5 % се согласуваат, 20,8 % не се согласуваат, 3.2 % целосно не се согласуваат, 19,8 % не знам/ немам информација. |

| | |
|---|---|
| 3.12 Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права<br>62 responses<br><br> | Учениците на исказот Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права, 27,4 % целосно се согласуваат, 61,3 % се согласуваат , 11,3 % не се согласуваат/ немам информација. |
| 3.11 Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман<br>23 responses<br><br> | Од 23 наставници, исказот Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман 39,1 % целосно се согласуваат, 60,9 % се согласуваат. |
| 3.3 Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците<br>99 responses<br><br> | Родителите на исказот Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците, 47,5 % целосно се согласуваат,  44,4 % се согласуваат, 8,1 % не се согласуваат/немам информација. |

| | |
|---|---|
|   | Родителите на исказот Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците, 40,4 % целосно се согласуваат, 54,5 % се согласуваат, 5,1 % не се согласува/целосно не се согласува. |
|   | Родителите на исказот  Моето дете сака да оди на училиште, 48,5 % целосно се согласуваат, 42,4 % се согласуваат, 9,1 % не се согласуваат/целосно не се согласуваат информација. |
|   | Родителите на исказот Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици, 51 % целосно се согласуваат, 45,9 % се согласуваат, 3.1 % не се согласуваат. |

| | |
|---|---|
|  | Родителите на исказот Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици, 44,4 % целосно се согласуваат, 45,5 % се согласуваат, 10,1  % не се согласуваат/немаат информација. |
|  | Родителите на исказот Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците, 32,3 % целосно се согласуваат, 44,4 % се согласуваат, 14,1 % немаат информација, 9,2 % не се согласуваат. |
|  | Учениците на исказот Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми, 19  % целосно се согласуваат, 52,4 % се согласуваат , 14,3 % не се согласуваат , 9,5 % целосно не се согласуваат, 4,8 немам информација. |

| | |
|---|---|
|  | Учениците на исказот Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици, 33,9 % целосно се согласуваат, 51,6 се согласуваат, 14,5 не сесогласуваат/немам информација. |
|  | Од 23 наставници, исказот Родителите /старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето  43,5 %  целосно се согласуваат, 47,8 % се согласуваат, а 8,7 % немам информација. |
|  | Од 23 наставници, исказот Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес 30,4  %  целосно се согласуваат, 60,9 % се согласуваат, 8,7 не се согласуваат/целосно не се согласуваат. |

| | |
|---|---|
|  | Родителите на исказот Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, 27,6 % целосно се согласуваат, 52 % се согласуваат, 10,2 % немаат информација и 10,2 % не се согласуваат. |
|  | Од 23 наставници, исказот Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата 39,1 % целосно се согласуваат, 43,5 % се согласуваат , 13 % немам информација, 4.4 % не се согласуваат. |

**Резултати:**

***Јаки страни:***

- Училиштето е препознатливо и познато на државно ниво поради добрите постигања на учениците, како и поради квалитетното знаење кое го имаат.
- Во училиштето владеат добри меѓучовечки односи.
- Постигнувањата на учениците и училиштето соодветно се вреднуваат и наградуваат.
- Создадена е стимулативна средина во која учениците сакаат да учат и напредуваат
- Соработката со родителите, локалната самоуправа и заедницата е на високо ниво.

***Слаби страни:***

- Училиштето нема политика на промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во блиската околина и државата .

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**

- Градење политика и преземање мерки за промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во блиската околина и државата.

**Оддели во рамките на подрачјето:**

6.1. Сместување и просторни капацитети
6.2. Наставни средства и материјали
6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар
6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар
6.5 Финансиско работење во училиштето

**Подрачје 6: Ресурси** 6.1. Сместување и просторни капацитети

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Просторни услови | Училишниот простор не ги исполнува условите за одвивање редовна, додатна и дополнителна настава како и за реализација на воннаставните активности за учениците.<br>Во второто полугодие од учебната 2023/24 заврши доградба на училиштето со 6 училници, 3 канцеларии, 1 чајна кујна, тоалети за ученици и вработени, прилагоден тоалет за ученици со телесна попреченост, како и лифт, која што сеуште не е завршена.<br>Од учебната 2023/24год. наставата за учениците од I-IX одд.се реализира во една смена во сите училници во училиштето.<br>Во училиштето во учебната 2024/2025 година наставата ја следеа 421 ученик од прво до деветто одделение, распоредени во 18 паралелки. Наставата се одвива во училиштето во многу подобри просторни услови. На располагање се и новите 6 училници. Простор за наставничка канцеларија повторно е вратен во употреба. Секретарот, педагогот, психологот,специјален едукатор и рехабилитатор и домакинот на училиштето се сместени во новите канцеларии во новодоградениот дел.<br>Наставата по ФЗО се одвива во салата „Христо Батанџиев“.<br>Училишната зграда има пристапна рампа. | **Урбанистички план на училиштето**<br><br>**Решение за регистрирање во судскиот регистар**<br><br>**Имотен лист за сопственост на зградата** |
| Искористеност на просторните капацитети | Основното училиште „Тихомир Милошевски“ во моментов располага со основен училишен простор, соодветен за едносменско работење според вкупниот број на ученици. Училиштето на 2.4.2025 год во | **Годишната програма на училиштето, Записник од интегралната евалуација,** |

| | | |
|---|---|---|
| | употреба ја пусти и новата сензорна соба која служи за децата со посебни потреби. Училниците се опремени со бели табли и комјпутери за наставниците скоро во секоја училница како и основни наставни средства, но има потреба од збогатување и осовременување со повеќе нагледни средства и комјутерска опрема.<br>Сензорната соба е опремена со тартан подлога,трамболина,едукативна Монтесори куќичка и графомоторна табла-дел се купени од училиштето дел се донација од родителите.<br>Училиштето располага со 6 училници специјално опремени со телевизори за учениците од деветгодишното основно образование, еден кабинет опремен за природни науки , училишна библиотека.<br>Просторните капацитети оптимално се искористени и нив ги користат сите субјекти во училиштето.<br>Наставата по физичко образование се изведува во спортската сала “Христо Батанџиев” сместена во училишниот двор.<br>Има доволно училници за непречено изведување на кабинетска настава во една смена.Училиштето е пријатно место за работа.<br>Во училиштето во 2023/24 год.се направи преадаптација на парното греење од тврдо на течно гориво. Во училишниот двор има пристап за лица со хендикеп иако досега во училиштето нема такви ученици. | **Записникот од увидот на санитарниот испектор, Разговор со вработените и учениците.** |

**Подрачје 6: Ресурси** 6.2 Наставни средства и материјали

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала | Библиотеката е опремена со голем број наслови на книги, потребни според наставните планови и програми, лектирни изданија и стручна литература, но може да се дополни со нови лектирни изданија за да има за поголем дел од учениците.<br>Учениците добиваат бесплатни учебници од МОН.<br>Набавени се голем број наставните средства и помагала за реализација на различни наставни и воннаставни активности.<br>Во училиштето нема училници опремени со комјутерска опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкетни листи кои ги доставува до секој наставник кој е задолжен да ги наведе потребните материјали за успешно изведување на наставната програма.<br>Последнава година обезбедени се голем број нагледни средства за сензорната соба и обезбедени се два нови телевизори и три лап топа. | **Библиотека за стручна литература**<br><br>**Пописни листи**<br><br>**Посета на часови** |

| | | |
|---|---|---|
| Училишна библиотека | Училишната библиотека е мала без читална и располага со фонд од околу 7,448 книги од различен жанр со над 2500 наслови (лектирни изданија, слободна литература и др.)<br>Евиденцијата на користењето на книгите од училиштето се води во посебна картотека и во електронска форма.<br>Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот работен ден. | **Картотека на училишната библиотека**<br><br>**Пописни листи** |
| Потрошен материјал | Според материјалните можности навремено се набавува потрошен материјал во потребна количина за сите вработени за изведување на воспитно-образовниот процес и одржување на хигиената во училиштето.<br>Во училишната канцеларија е донесен фотокопир кој го користат сите наставници за училишни потреби. | документација за планирани и набавени потрошни материјали |

6. **Ресурси** 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници | Училиштето има обезбедено наставен кадар во согласност со Законот за основно образование и нормативот за наставен кадар. По одделни наставни предмети наставата ја реализираат нашите наставници во други училишта поради недостаток на фонд на часови. Наставниот процес во училиштето го реализираат 32 наставника од кои: 11 одделенски наставници, 21 наставник во предметна настава. Во училиштето се ангажирани 4 стручни соработници- педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Во училиштето работи 2 приправника , на кои им е определен ментор. | **Досиеја на вработените**<br>**Списоци за плата**<br>**Куќен ред** |

## ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| Рб | Опис на работно место | Структура според степен на стручна подготовка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ВШС | ССП | КВ | НСС |
| | **Раководен кадар** | | | | | |
| 1 | Директор | 1 | | | | |
| 2 | **Стручни сораб.** | | | | | |
| | Педагог | 1 | | | | |
| | Библиотекар | 1 | | | | |
| | Психолог | 1 | | | | |
| | Специјален едукатор и рехабилитатор | 1 | | | | |
| 3 | **Восп-образ. кадар** | | | | | |
| | Одделенска настава | 10 | 1 | | | |
| | Предметна настава | 21 | | | | |
| | **Администр. –технички кадар** | | | | | |
| | Секретар-благајник | 1 | | | | |
| | Домакин-економ | | | 1 | | |
| | Хаус мајстор-ложач | | | | 1 | |
| 4 | Хигиеничар | | | 2 | | 2 |
| 5 | Вкупно | 27 | 1 | 3 | 1 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| Ефективност и распоредување на кадарот | Наставниот кадар правилно е распореден за да може да ги извршува поставените задачи. Направен е распоред за изведување на часовите со кој им се овозможува на наставниците кои работат во повеќе училишта да можат ефективно да го искористат работниот ден и во ист ден да работат во две училишта. | **Распоред на часовите** |
| Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар | Во училиштето работи педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Соработката со наставниците со стручната служба е на високо ниво. Голема е поддршката и помошта од страна на педагогот, психологот и специјаниот едукатор и рехабилитатор во работата | **Записници од стручни активи, анкета за вработените** |

| | | |
|---|---|---|
| | на наставниците – изработка на годишни планирања, дневни подготовки, изработка на ИОП за деца со посебни потреби, изработка на дневни подготовки со диференцирани цели за ученици со потешкотии и за талентирани ученици, работата на стручните активи, реализација на нагледни часови, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците и родителите. | |

**6.Ресурси** 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Професионален и кариерен развој на наставниците | Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој, изработува План за професионален развој секоја учебна година и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби иако средствата се ограничени.<br>Наставниците по завршените обуки надвор од училиштето вршат дисеминација на знаењето, вештините и способностите стекнати на истата.<br>Наставниците учествуваат на семинари организирани од страна на БРО, како и на други обуки кои се спроведуваат од страна на акредитирани домашни и странски организации. Реализираните обуки и семинари стручната служба ги евидентира во професионалните досиеја на наставниците. Во изминативе две години беа одржани обуки од страна на БРО кои наставниците сами ги избираат.<br>Наставниците индивидуално и на ниво на училиште се усовршуваат согласно нивните потреби за поквалитетна реализација на наставата. Истото го прават на интерни обуки кои се организираат и се реализираат од страна на стручната служба и самите наставници.<br>Во училиштето постои систем за соработка и размена на искуствата и сознанијата меѓу вработените и нивна соодветна примена во наставата.<br>Работата на наставникот-приправник ја следи ментор, кој на приправникот му дава соодветна стручна помош преку остварување на програмата. | **Педагошките картони на наставниците**<br><br>**Записници од работата на стручните активи (ПЗПУ)** |

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Училиштето секоја година донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето.<br>Училиштето ги планира финансиските средства со финансовиот план и ги распоредува за задоволување на тековните потреби, а за другите потреби доколку има финансиски средства.<br>Училиштето има сметководствена евиденција, годишна сметка за целокупното финансиско работење којашто е доставена до Централен регистар, Управа за јавни приходи, Основачот, Државен ревизор и Министерството за образование и наука.<br>Училиштето целосно ги информира органите и телата во училиштето и локалната заедница за училишниот буџет и трошењето со доставувањето на финансискиот план и завршната сметка. Родителите ги информира индиректно, преку членовите на Училишниот одбор ,претставници од родителите.<br>Финансиското работење се контролира преку Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат и се усвојуваат на седниците на Училишниот одбор. Членовите на Училишниот одбор се информираат за трошењето на буџетот, додека останатиот персонал, родителите и локалната заедница можат да добијат информација само доколку побараат. | **Финансиско работење**<br><br>**Месечни и годишни финансиски планови**<br><br>**Завршна сметка** |

**Собрани податоци:**

| Прашалник за наставници | Резултати |
|---|---|
| Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и н...потенцијална опасност од повреди на учениците.<br>23 responses<br> | Во врска со ова прашање 56,5% од наставниците сметаат дека  во училиштето училниците се со оптимален простор и мебелот  е функционален. |
| Детските изработки се изложени во училниците и се користат во наставата.<br>23 responses<br> | 69,6% од наставниците сметаат дека детските изработки се изложуваат во училиниците и се користат во наставата. |
| Распоредот на седење обезбедува комуникација на децата и активно вклучување на сите.<br>23 responses<br> | 78,3% од наставниците сметаат дека распоредот на седењето на учениците обезбедува подобра комуникација и активно вкучување на учениците во наставата. |

| | |
|---|---|
|  | 47,8% од наставниците сметаат дека наставниците и учениците имаат пристап до интернет. |
|  | 60,9% од настаниот кадар знае со кои нагледни средства располага училиштето и истите ги користи. |
|  | 52,2% од анкетираните наставници во голема мера сметаат дека библиотеката е добро подредена ,располага со потребните книги ,комјутер и пристап до интернет. |

| | |
|---|---|
| Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес.<br>23 responses<br> | 82,6% од наставниците сметаат дека училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. |
| Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно функционираат и стручните активи.<br>23 responses<br> | 69,6% од наставниците сметаат дека наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и дека успешно функционираат и стручните активи. |
| Професионалниот развој на на наставниците се одвива преку сите видови интерни и екстерни обуки, соработка и размена на искуства.<br>23 responses<br> | 60,9% од наставниците сметаат дека професионалниот развој на наставниците се одвива преку разни видови интерни и екстерни обуки, сорботка и размена на искуства. |

<table>
<tr>
<td>
</td>
<td>По однос на ова прашање 47,8% од наставниците сметаат дека повеќето од наставниците целосно се надоградуваат со следење на стручна литература.</td>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>Над 80% од наставниците сметаат дека менторството во училиштето е развиено на професионално ниво со програма и поддршка.</td>
</tr>
<tr>
<td>Прашалник за родители</td>
<td>Резултати</td>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>Повеќе од 70% од анкетираните родители сметаат дека просторните услови во училиштето се оптимални, додека одреден дел од родителите сметаат дека просторните услови не се толку добри .</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Детските изработки се изложени во училниците и се користат во наставата<br>97 responses<br><br> | Над 80% од анкетираните родители  сметаат дека детските изработки се изложуваат во училниците и се користат во наставата. |
| Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.<br>97 responses<br><br> | Над 70% од анкетираните родители  сметаат дека училиштето има исправни комјутери и инернет кои редовно ги користат наставниците и учениците во секојденевните активности. |
| Во училиштето има на располагање наставни средства и истите се користат.<br>95 responses<br><br> | Над 70% од родителите сметаат дека училиштето располага со голем број нагледни средства кои се користат во наставата. |

| | |
|---|---|
|  | Над 60%  од родителите сметаат дека библиотеката ги има потребните лектирни изданија што ги користат учениците. |
| Прашалник за ученици | Резултати |
|  | Скоро сите  ученици сметаадека училишниот простор им овозможува внимателно да ја следат наставата. |
|  | Над 70% од учениците сметаат дека нивните изработки се изложени на видни места во училиштето. |

<table>
<tr>
<td>
</td>
<td>Приближно 80 % од учениците сметаат дека распоредот на седење им озможува активно да комуницираат со своите соученици.</td>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>Приближно 80% од учениците сметаат дека во училиштето се користат различни нагледни средства и помагала.</td>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>Приближно 60% од учениците сметаат дека во училиштето се користи аудио-визуелна опрема и комјутери.</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
|  | Приближно 50% од учениците се изјасниле дека имаат пристап до интернет, а приближно 50% од учениците се изјасниле дека немаат пристап до интернет (односно дека мрежата во училиштето е слаба и нестабилна). |
|  | Приближно 70% од учениците сметаат дека во училиштето има голем број нагледни средства кои се користат во наставата. |

| **Резултати:** |
| --- |
| ***Јаки страни:***<br>-Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности.<br>-Континуирано се утврдува потребата од наставни средства и помагала, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.<br>-Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности според планот на училиштето<br>- Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки и континуирано се унапредува преку интерни и екстерни обуки кои соодветно ги применува во својата работа.<br>- Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организацијата на наставата, во следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и/или во давањето советодавна помош на сите ученици.<br>-Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределување на финансиските средства |
| ***Слаби страни:***<br>--Да се доопремат уште две-три училници за непречено изведување на наставата согласно новата концепција за основно образование.<br>-Да се опреми училница која ќе биде кабинет по информатика.<br>-Училиштето нема пропишани механизми за оддавање признанија на кадарот кој перманентно внесува иновации во работата. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**<br>- Да се зголеми ефикасното користење на ИКТ во наставата со набавка на проектори/ТВ приемници и комјутери/ електронски табли<br>- Да се изготви Правилник за оддавање признанија на наставниот кадар кој перманенетно внесува иновации во работата. |

**Оддели во рамките на подрачјето:**

7.1. Управување и раководење
7.2. Креирање на училишна политика

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика** 7.1. Управување со училиштето

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Управување со училиштето | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Составот на училишниот одбор брои седум членови, меѓу кои се тројца претставници од наставниците и стручните соработници, тројца претставници од родителите на учениците и еден претставник од основачот на училиштето. Членовите по националност се Македонци, со застапена родова еднаквост.<br><br>Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана и регулирана со деловникот за работа, кој ги опфаќа законските обврски и статутарните одредби, вклучувајќи ги законите за основно образование. Во деловникот е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од предвидените структури, освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници. Состаноците на училишниот одбор се одржуваат и реализираат според утврдената процедура, при што присуството на членовите е многу добро и нема донесување одлуки без потребното мнозинство.<br><br>Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество, и квартално ги следи овие активности.<br><br>Одборот обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно- | Закон за основното образование<br><br>Статут на училиштето<br>Годишна програма за работа на УО<br>Деловник за работа на Училишниот одбор<br>Записници и Одлуки од состаноците на Училишниот одбор |

| | | |
|---|---|---|
| | образовниот процес и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето, стручната служба, наставниците и другите заинтересирани страни, како што се родителите, учениците и локалната заедница. Редовното присуство на директорот на седниците дополнително ја поттикнува соработката и партнерскиот однос.<br><br>Училишниот одбор активно учествува во креирањето и водењето на училишни политики кои афирмираат инклузивност, меѓуетничка интеграција и младинско учество, со цел да обезбедат ефикасно и квалитетно воспитно-образовно опкружување за сите ученици. Работи според Програмата за работа која ги опфаќа сите законски и статутарни обврски на училиштето. | |
| Раководење со училиштето | Директорот е раководниот орган на училиштето кој е стручно едуциран, ги исполнува поставените барања од страна на Министерството за образование за директор на училиштето односно ги исполнува членовите на законот за поставување на директор како и барањата од Статутот на училиштето. Директорот како носител на правниот субјект на училиштето е одговорен за спроведување на законите во работата на училиштето, наставниот процес како и материјално-финансиското работење на училиштето. Раководниот орган има јасна визија и мисија за развојот, просперитетот како и успешниот менаџмент на училиштето со која редовно се запознаени наставниот кадар, техничкиот персонал, учениците, стручната служба како и административниот кадар на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените се грижи, организира и реализира воспитно-образовната работа, го вреднува, промовира и наградува нивниот придонес во тимската работа но и поединечните успеси, ја промовира добрата практика што постои во училиштето со основачот на училиштето, како и со родителите преку социјалните медиуми. Директорот е проактивен во својата работа, донесува одговорни и сериозни одлуки; има изградено личен кредибилитет кон луѓето како и професионален однос кон работата, поседува способност ефективно да делегира но и да сослушува и заеднички со своите вработени да ги решава | Закон за основното образование<br><br>Статут на училиштето<br><br>Годишна програма за работа на Директорот |

| | | |
|---|---|---|
| | одредените проблеми и предизвици, комуницира и да раководи со вработените и нивниот професионален развој. Успешно и квалитетно ги имплементира промените во училиштето кои што се делегирани од страна на Министерството за образование во образовниот систем како и во соработка и насоки со Бирото за образование. Раководниот орган се фокусира и ги изработува во годишната програма приоритетните цели идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира и ја контролира својата работа, а во центарот и приоритетот на своето работење ги става постигнувањата и развојот на учениците, постигнувањето и професионалниот развој на наставниот кадар како и стручните соработници како и подобрувањето на условите во училиштето како и подобрувањето на хигиената во училиштето. Раководниот орган воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница како и соработка со општествено-одговорни компании, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Раководниот орган има компетенции/способности за тимска работа со вработените и заедничко донесување на одлуки за добри практики и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во секојдневното работење. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето и унапредувањето и квалитетот на училишните политики и проекти за инклузивноста во образованието, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество**.**<br>Раководниот орган комуницира само на формално ниво со Училишниот одбор, редовно ги информира на писмено за активностите што се одвиваат во училиштето како и за својата работа. | |

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика** 7.2 Креирање на училишната политика

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Јасност и соодветност на мисијата и визијата | Мисијата и визијата на училиштето се јасно дефинирани и во целост ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на инклузивноста, меѓуетничката интеграција и | **Закон за основното образование**<br><br>**Статут на училиштето** |

| | | |
|---|---|---|
| | младинското учество, професионален развој на наставниот кадар и унапредување на ученичките постигнувања.<br><br>Во процесот на креирање на мисијата и визијата беа вклучени сите релевантни чинители – наставниот кадар, учениците и родителите – што придонесе за нивна прифатеност и применливост во секојдневното функционирање на училиштето. Вработените во училиштето покажуваат добра информираност, разбирање и идентификација со мисијата и визијата, додека останатите чинители се соодветно запознаени со нивната содржина и значење.<br><br>Училиштето организира различни структури – вработени, ученици, родители, како и локалната заедница – за поддршка и активно вклучување во реализација на поставените цели. Соработката со соодветни институции е воспоставена и служи како дополнителен ресурс за остварување на мисијата и визијата. | **Правилник за оценувањето, напредувањето,полагањето на испити, видовите на пофалби и награди и педагошките мерки за учениците** |
| Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има јасно дефинирани и пропишани процедури за донесување и унапредување на училишни политики. Процесот се реализира на инклузивен начин, преку вклучување на вработените, учениците, родителите, стручните служби и други релевантни чинители од локалната заедница. Ова обезбедува демократски пристап, транспарентност и прифатеност на донесените политики.<br><br>Политиките континуирано се подобруваат и се насочени кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, вклучително:<br><br>• Поттикнување на инклузијата,<br>• Поддршка на меѓуетничката интеграција во образованието,<br>• Активно младинско учество,<br>• Намалување на сите форми на насилство во и околу училиштето,<br>• Превенција од семејно насилство, | **Статут на училиштето**<br><br>**Правилник за оценувањето, напредувањето,полагањето на испити, видовите на пофалби и награди и педагошките мерки за учениците** |

| | | |
|---|---|---|
| | • Развивање на антикорупциска свест и образование кај учениците,<br>• Промовирање на недискриминација и еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици.<br><br>Резултатите од политиките се јасно дефинирани, мерливи и усогласени со мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Во нивното формулирање активно учествуваат наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница.<br><br>Училиштето има изработено акциски планови за реализација на политиките и целите, како и план за следење и евалуација со соодветни индикатори. Следењето на напредокот се реализира редовно, а добиените податоци се користат за прилагодување и унапредување на активностите.<br><br>Наставниците, учениците и родителите се навремено и целосно информирани за очекуваните резултати и динамиката на нивната реализација, што овозможува поефикасно учество и поддршка во процесот на спроведување на политиките. | |
| Развојното планирање | Резултатите од развојното планирање се јасно дефинирани, прецизни и усогласени со мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Процесот на нивно поставување е инклузивен и обезбедува учество на наставниците, учениците, родителите и претставници од локалната заедница.<br><br>Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика и се прилагодени на потребите на училиштето, со јасен фокус на унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и подобрување на севкупните состојби во училиштето.<br><br>Училиштето располага со:<br><br>• Акциски планови за остварување на резултатите, | **Закон за основното образование**<br><br>**Статут на училиштето**<br>**Извештаи за работата на училиштето**<br>**Развојно планирање**<br>**План за следење и евалуација на реализација на акциски планови** |

| | | |
|---|---|---|
| | • План за следење и евалуација со прецизно дефинирани индикатори,<br>• Динамика на реализација која е јасно презентирана на наставниците, учениците, родителите и училишниот одбор.<br><br>Директорот и стручната служба се одговорни за организација, спроведување и надзор на Годишната програма за работа на училиштето, која ги вклучува поставените цели од развојното планирање.<br><br>Процесот на самоевалуација е спроведен согласно законските и статутарните одредби, со активно вклучување на сите наставници. Користените стратегии и процедури во самоевалуацијата овозможуваат јасно идентификување на приоритетите и задачите, кои потоа се вградени и во Годишните програми за работа.<br><br>Наставниците и училишниот одбор се навремено информирани за поставените цели, динамиката на нивно реализирање, како и за постигнатите резултати, што придонесува за транспарентност, отчетност и континуирано подобрување на училиштето. | |

<table>
<tr><th>Прашалник за наставници</th><th>Резултати</th></tr>
<tr><td>
</td><td>Над 56% од наставниците се изјасниле дека целосно се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програна на училиштето, над 30% се согласуваат со исказот, а остатокот не се согласуваат или немаат информација.</td></tr>
<tr><td>
</td><td>Над 56% од наставниците сметаат дека во училиштето се практикува соработка, над 39% се согласуваат, а остатокот целосно не се согласуваат со исказот.</td></tr>
<tr><td>
</td><td>Подеднакво од наставниците се изјасниле дека целосно им е обезбеден потрошен материјал од страна на училиштето, односно дека не се согласуваат. Над 17% од наставниците се согласуваат со дадениот исказ.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| <br> | Сите наставници одговориле позитивно на даденото прашање. |
| <br> | Сите наставници одговориле позитивно на даденото прашање. |
| <br> | Сите наставници одговориле позитивно на даденото прашање. |

| | |
|---|---|
| 4.6 За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација<br>23 responses<br> | Сите наставници одговориле позитивно на даденото прашање. |
| 4.7 Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам<br>23 responses<br> | Околу 35% од наставниците целосно се согласуваат со исказот, над 52% се согласуваат, околу 9% немаат информација, а останатите целосно не се согласуваат дека училиштето ги поттикнува стручно да се усовршуваат. |
| 4.8 Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците<br>23 responses<br> | Под 35% од наставниците целосно се согласуваат, околу 39% се согласуваат, под 9% не се согласуваат дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетно работење на наставниците, а останатите немаат информација. |

<table>
<tr>
<td>
</td>
<td>Околу 48% од наставниците се согласуваат со исказот, а остатокот од наставниците подеднакво сметаат дека целосно се запознаени, не се согласуваат дека се запознаени или немаат информација за тоа како се троши буџетот на училиштето.</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<th>Прашалник за ученици</th>
<th>Резултати</th>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>Над 45% од учениците се согласуваат дека се информирани за тоа кои активности ги планира училиштето, 21% не се согласуваат дека се информирани, по околу 13% целосно се согласуваат или немаат информација. Останатите ученици се изјасниле дека целосно не се согласуваат.</td>
</tr>
<tr>
<td>
</td>
<td>Над 88% од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат и се согласуваат дека можат да земат книга/лектира од училишната библиотека, помалку од 10% не се согласуваат, а останатите немаат информација.</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
|  | Околу 10% од учениците целосно сметаат дека библиотеката е место каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера, помалку од 40% се согласуваат со исказот, околу 32% не се согласуваат, над 14% целосно не се согласуваат, а останатите немаат информација. |
| Прашалник за родители | Резултати |
|  | Над 18% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето ги поттикнува да се вклучат во различни активности, над 53% се согласуваат , над 10% не се согласуваат, над 13% немаат информација, а останатите целосно не се согласуваат. |
|  | Над 63% од родителите се согласуваат дека училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки, над 30% целосно се согласуваат со исказот, а останатите не се согласуваат, целосно не се согласуваат или немаат информација. |




Околу 43% од родителите сметаат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици, 47% се согласуваат, 7% немаат информација за достапноста на библиотеката, а останатите не се согласуваат или целосно не се согласуваат.




Дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен целосно се согласуваат над 36% од родителите, со исказот се согласуваат 49%, а останатите не се согласуваат, целосно не се согласуваат или немаат информација.




33% од родителите сметаат дека не се запознаени како се троши буџетот, 32% немаат информација, скоро 22% целосно се запознаени, а останатите не се согласуваат или целосно не се согласуваат дека се запознаени како се троши буџетот на училиштето.

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br><br>▪ Резултатите од развојното планирање се јасно дефинирани и прецизно усогласени со мисијата, визијата и вредностите на училиштето.<br>▪ Во поставувањето на целите се вклучени наставниците, учениците, родителите и претставници од локалната заедница.<br>▪ Целите се во согласност со државната и локалната образовна политика и се прилагодени на специфичните потреби на училиштето.<br>▪ Училиштето има развиени акциски планови, план за следење и евалуација со јасни индикатори.<br>▪ Сите засегнати страни (наставници, ученици, родители, училишен одбор) се редовно информирани за целите, динамиката и резултатите, што придонесува за отчетност и транспарентност.<br>▪ Јасно дефинирана одговорност на директорот и стручната служба за реализација на Годишната програма за работа.<br>▪ Самоевалуацијата се спроведува според законските и статутарните норми, со активно учество на сите наставници. |
| ***Слаби страни:***<br><br>• Иако Училишниот одбор е законски конституиран и редовно информиран за активностите, **не е обезбедена стручна обука** за членовите, што негативно влијае на нивната подготвеност и ефективност во управувањето и носењето одлуки.<br>•<br>**Недоволна е соработката со бизнис заедницата** и приватниот сектор, што претставува нереализиран потенцијал за обезбедување дополнителни ресурси, подобрување на условите за работа и збогатување на воспитно-образовниот процес. |
| **Предлог на мерки:**<br>**Организирање на редовни обуки** во соработка со Бирото за развој на образованието, со цел запознавање на членовите на УО со нивните улоги, одговорности и добри практики во управување.<br><br>**Идентификација и контакт со локални бизниси и компании** кои имаат интерес за општествена одговорност и можат да понудат донации, логистичка поддршка или едукативни програми. |